# Заштита на виновата лоза од болести и штетници

Виновата лоза ја напаѓаат голем број болести и штетници, кои се во состојба да го уништат целото производството. За спречување на несаканите последици, неопходно е целосно да се применат сите потребни мерки за заштита. Заштитата започнува по завршување на зимската резидба, со отстранување на орежаните делови од пењушката и нивно спалување.

Од болести и штетници кои треба превентивно да се сузбиваат после резидбата се: црната пегавост, пепелница, бактериози, грињи, акаринози и еринози.





Уште во фазата на мирување, или најдоцна до фазата на влакнести окца, прерпорачлива е употребата на бакарните препарати Нордокс или Купраблу – 3. Нордоксот може да се комбинира со сулфурниот препарат Тиовит џет, кои дејствува на презимената пепелница, а во зголемена концентрација и на ерифидните грињи. Важен момент при третирањето, е добро да се искапат сите делови од лозата. Од инсектициди во овој период се користат: бело  и црвено масло и др.

Од појавата на лисје па се до прошарување на грозјето, заштитата во лозјата  се извршува против следните  болести**:** пламеница, пепелница, црна пегавост, сиво гниење на грозјето, црвена палеж на лисјето и разни бактериози.

Од штетници против кои се преземаат мерки за заштита во наведениот период се: акаринози, жолт и црвен овошен пајак, цигараш,  лисни вошки,  лозов трипс, цикади, гроздови молци (жолт и пепелав) и др.

За заштита на пламеницата во време на вегетација се користат фунгицидите: Антракол ВП-70, Антракол комби, Микал премиум-Ф, Микал флеш, Профилер и др.

Заштитата на црната пегавост, црвената палеж на лисјето и сивото гниење на грозјето се извршува со истите фунгициди кои се користат за пламеницата.

За ублажување на штети од појава на црната пегавост и сивото гниење, во локалитетите каде што истите се присутни во поголем обем во  лозјата, препорачливо е намалена употреба на азотни минерални ѓубрива, во количини што не ја надминуваат границата од 50 кг./ха.




За уништување на штетници во лозјата се употребуваат следните инсектициди: Конфидор, Бета бајтроид, Фастак, Кинг, Дурсбан Нурел, Моспилан, Актара и др. Од акарициди примена наоѓаат Енвидор, Демитан, Аполо, Нисорун, Ортус и др.

Бројот на прскањата на лозјата со средства за заштита  во периодот на вегетацијата зависи од временските услови. Во врнежливи години истиот е поголем и обратно во сушни помал

Средствата за заштита од страна на земјоделците треба да се користат согласно приложените упатства на производителите.

**Советник**

**Стеван Стојковски**